12-428/4
05-11-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 24-тата седница одржана на 03.11.2025 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-2268/1 од 23.08.2024 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконитости во постапка за распоредување на административен службеник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, спроведена по престанок на мирување на неговиот работен однос поради вршење на функција, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај.

Предметот со број 12-2268/1 од 23.08.2024 година година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 23.08.2024 година, поднесена е пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во постапка за распоредување на административниот службеник -------, вработен во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, спроведена по престанок на мирување на неговиот работен однос поради вршење на функција.

Според наведеното во пријавата, со Решение за распоредување и определување на плата на административен службеник бр. ------/2 од --.--.2022 година, донесено од тогашниот министер, извршено е унапредување на административен службеник од ниво Б 2 -раководител на сектор, на ниво Б1-државен советник со примена на дискреционо овластување на министерот, согласно со одредбата од член 31 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор, без да биде побарана и обезбедена согласност од страна на Минитерството за финансии, со што е направено прекршување на членот 51 од Законот за буџети и член 30 став 5 од Законот за административните службеници.

Претходно со Решение бр. -----/2 од --.--.2020 годна на административниот службеник кој бил распореден на работно место Раководителот на сектор за --------, работниот однос му бил ставен во мирување поради негов избор на функцијата заменик министер за -----------.

По неговото разрешување од функцијата заменик министер, наместо да биде распореден на исто ниво на кое бил распореден пред неговото именување за заменик министер, директно е распореден на работно место Кабинетски службеник за меѓународна соработка со звање Државен советник, на ниво Б1. Ваквото унапредување не било предвидено со планот за пополнување на работни места во текот на фискална година, кој бил поднесен при поднесување на буџетската пресметка за 2022 година.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави Барање до Државниот управен инспекторат да изврши инспекциски надзор и за исходот од истиот да ја извести ДКСК.

По извршениот инспекциски надзор над предметната постапка, Државниот управен инспекторат до ДКСК достави Записник со број Ип1 број ------ од 27.09.2024 година во кој е наведено следното:

По Барање за мирување на работен однос со бр.-----/1 од 25.09.2020 година, поднесено од административниот службеник --------, распореден на работно место Раководител на сектор за рурален развој, донесено е Решение за мирување на работен однос на административен службеник бр.-----/2 од 28.09.2020 година од тогашниот министер, со кое на овој административен службеник на работно место Раководител на сектор за ------- му мирува работниот однос, врз основа на Одлука за именување на заменици министри донесена од Собранието на РСМ, со бр. -----/1 од 23.09.2020 г. (член 31 став 1 од ЗВЈС)

Согласно член 31 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор :

*1) На вработените во јавниот сектор кои се именувани на јавна функција утврдена со закон, кои се упатени на работа во странство во рамките на меѓународна, техничка, просветна, здравствена, културна, научна или друг вид на соработка, односно кои се упатени на работа во дипломатско или во конзуларно претставништво, им мируваат правата и должностите од работниот однос.*
*(2) Вработените од ставот (1) на овој член имаат право во рок од пет работни дена по престанувањето на вршењето на функцијата, или по враќањето од странство да се вратат во институцијата од каде што заминале на работно место најмалку на исто ниво со нивото на кое биле пред да заминат на функцијата или во странство.*

По поднесено барање за враќање на работно место по престанок на функција, на инспекторот му било дадено на увид Решението за распоредување и определување на плата на административен службеник бр. -----/1 од 14.02.2022 година, донесено од тогашниот министер со кое административниот службеник ------- се распоредува на работно место Државен службеник за -------- на ниво Б1. Решението е донесено врз основа на член 30 став 1 алинеја 4, член 31 став 2 алинеја 1, 2, 3 и 4 од ЗАС и член 42 став 1 и 2 и член 43 став 1 од ЗВЈС, законски одредби со кои е уредено пополнување на работно место на административен службеник преку постапка за мобилност преку распоредување или превземање.
Со ова решение административниот службеник се распоредува на работно место Државен советник за ----- на ниво Б1, кое е во рамките на иста категорија Б-раководни административни службеници, но во ниво Б1 раководен административен службеник од прво ниво, а не второ ниво- Б2 – раководител на сектор како што било наведено во решението за распоредување пред да стапи на функцијата. На денот на надзорот не било дадено на увид известување за обезбедени финансиски средства од Министерството финансии.

По истекот на мандатот на министерот кој го распоредил во кабинетот, новиот министер донел друго Решение со бр. -----/1 од 02.07.2024 година, со кое кабинетскиот службеник ------- бил распореден на работно место на исто ниво на работното место, на кое бил распореден со претходното решение, Решението бр. --- од 14.02.2022 година, на работно место државен советник, категорија Б1, прво ниво.
По извршениот надзор, како што се наведува во Записникот, од страна на инспекторатот е утврдено дека согласно член 98 став 5 алинеа 10 од Законот за административи службеници, овој орган нема овластување да презема инспекциски дејствија, односно неможе да цени дали вработениот е унапреден и распореден спротивно на одредбите од Законот за административни службеници, бидејќи е поминат рокот од една година од донесувањето на решението за

распоредување и определување на плата на административниот службеник бр. ---- од 14.02.2022 година, донесено од тогашниот министер.

По разгледување на севкупната прибавена документација, ДКСК утврди дека во предметниот случај, постапил друг надлежен орган, Државниот управен инспекторат, кој ја утврдил фактичката состојба, но поради поминат подолг рок од донесувањето на спорното решение утврдил дека нема овластување да презема инспекциски дејствија, односно неможе да цени дали вработениот бил унапреден и распореден спротивно на одредбите од Законот за административни службеници. Имајќи во предвид дека од датумот на донесување на спорното решение за распоредување е поминато период од повеќе од три години, со што настапила застареност на постапката, што подразбира истечен рок на застареност на евентуални коруптивни дејствувања кои би можеле да се подведат под основи за сомневање за сторено кривично дело, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување во пријавениот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик – претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: Ф.О, советник
Контролирал: м-р К.З, раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц, член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата